# Стојанче Андонов-Дито
## ликовен уметник

Стојанче Андонов – Дито, роден на 8 мај 1980 година во Кратово, е македонски академски сликар. Со основното и средното образование се стекнува во родното Кратово, а ликовната академија ја завршува на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје. Реномираниот професор Рубенс Корубин, во чија што класа Стојанче го завршува факултетското образование, за него ќе каже:

> „Стојанче Андонов – Дито ѝ припаѓа на најмладата наша генерација на млади уметници. Свој, стрплив во она што сака да го направи и искрен во она што ни го соопштува. Неговите слики се работени во силен реализам што произлегува од денешнава динамика на живеење. Неговиот илузионизам е посебен запис на предметите што биле дел од нашето секојдневие, обликувани со генерации и препознатливи во својата основна употребливост. Како контраст на сцената се вметнати деликатно дизајнирани додатоци.“

Непосредно по дипломирањето Дито ја поставува својата прва самостојна изложба во Домот на Културата Лазар Софијанов – Кратово, а освен во Македонија до сега тој има изложувано и во Норвешка и Холандија.

Покрај сликањето, негова пасија е и фрескоживописот со што во моментов е преокупиран. За ликовните квалитети на Дито, професорот Тодор Максимовски – Максим, редовен професор по ликовна уметност, ќе рече:

> „За време на мојот живот и наставничка кариера немам забележано поталентиран уметник.“

Редакцијата на електронското списание Македонска Ризница има чест и задоволство да ви прикаже дел од разновидното ликовно творештво на овој македонски академски сликар.

Александар Стеванов






















"moment of clarity"


2001




2/4 АКВАТИНТА „ХАРЛЕКИН"
СТОЈАНЧЕ АНДОНОВ 02




Dila2013













Dito 2013































